Симона ГЕРАСИМОВА

# ИЗВЕШТАЈ НА ЕДЕН БРИТАНСКИ ДИПЛОМАТ ОД 1946 Г. ЗА ГЕНЕРАЛОТ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ

Делото и личноста на Михаило Апосотолски, прв командант на македонската војска, истакнат научник и академик било предмет на интересирање уште во годините на Народноослободителната борба, а поради неговата големина и повеќестраност овој интерес не е намален и до денес.

Во британските политички и воени врвови ова интересирање се засилило особено по доаѓањето на британските воени мисии при Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија[1]. Така, извештаите на членот на британската воена мисија Фицрој Маклејн во кои се зборувало за поголемите овластувања дадени на македонскиот генерал Апостолски од другите Титови команданти на главни штабови, го зголемиле интересирањето за личноста на Михаило Апостолски. Во таа смисла има сведоштво и во писмото од претседателот на југословенската влада во Лондон, д-р Иван Шубашиќ, до Јосип Броз -Тито во кое констатирал дека британските дипломати и државници "особено се распрашуваат за Апостолски"[2].

Сепак, во досега објавените извештаи од членовите на британските воени мисии сосема малку има податоци за личноста на Михаило Апостолски. По впечатливо во овој поглед е изкажувањето на мајорот Дагмор во извештајот од јуни 1944 година во кој, по контактот со македонските партизани, го напишал следново: "Македонците сакаат самостојно владеење и навестувањата се дека тие тоа го сакаат во

[1] За британските воени мисии при ГШ на НОВ и ПОМ види: Данчо Зографски, Британските мисии во Вардарска Македонија за време на НОБ.- Тиквешијата во НОБ 1941-1945. Материјали од Научниот собир одржан на 21 и 22 јуни 1982 година во Кавадарци, кн. трета, Кавадарци-Неготино, 1984; William Deakin, British military mission in Serbia and Macedonia (1943-5).-Зборник на трудови посветени на академикот Михаило Апостолски по повод 75-годишнината од животот, Скопје, МАНУ, 1986, стр. 257-276; Тодор Чепреганов, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за воено-политичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи.- Главниот штаб на НОВ и ПОМ (1941-1945). По повод 90 години од раѓањето на Михаило Апостолски. Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 19 и 20 декември 1996 година.- Скопје, МАНУ-ИНИ, 1997, стр. 189-199.

[2] Слободан Нешовиќ, Борба македонског народа и генерал Михаило Апостолски у страним изворима. - Зборник на трудови посветени на академикот Михаило Апостолски по повод 75-годишнината од животот, МАНУ, Скопје, 1986, стр. 312.

рамките на сегашна федерална Југославија. Тие не им веруваат на Србите и соработката помеѓу нив не е лесна. Тие, исто така, многу тешко го чувствуваат присуството на бугарскиот окупатор и се сомневаат во руската поддршка по војната на бугарските аспирации во Источна Македонија. На кратко, тие се борат за слобода , но се претпазливи. Во Апостолски имаат старешина од највисок ранг и компетентен водач. Тие се пријателски расположени кон нас."[3]

Во извештајот за 1945 година за водечките југословенски личности што е прилог кон годишниот извештај на британскиот амбасадор од Белград, Г. Л. Клитон до министерот Ернест Бевин (20. VII 1946), под реден број три се дадени податоците за Апостолски:

"3. Апостолски, Михаил (Митиќ), генерал-потполковник.

Македонец и поранешен штапски мајор во југословенската армија. Тој е националист и војник и се зборува дека не сака да се бави со политика. За време на војната тој се покажал дека е храбар и способен водач и од јуни 1944 станал Главен командант на Македонскиот партизански отпор. Тој бил член на првиот АСНОМ, но веќе не е. Сепак, тој, бил ангажиран во изборната листа на Народниот фронт. Има многу извештаи и гласини дека Апостолски не е во целост persona grata во ЦК на Комунистичката партија. Ако ова е вистина, веројатно ова се должи на неговата антипатија кон политиката, но неговите способности како воено лице се признаени, бидејќи тој се наоѓа на местото помошник на началникот на Генералштабот во последниве 10 месеци".[4]

Британскиот конзул при амбасадата во Белград, Стенбок (Stenbock) од 3 до 6 октомври 1946 година престојувал во Сараево и од ова патување доставил меморандум. На седмата страница од меморандумот во неколку точки се зборува и за средбата што конзулот Стенбок ја имал во Сараево со генералот Апостолски. При ова се дадени повеќе податоци и карактеристики за Апостолски како личност, а соодветаната служба на Министерството за надворешни работи на Велика Британија податоците од конзулот побарала да ги верификува мајорот Хеникер-Мејџор[5] поради неговото лично познаство со генералот Апостолски од воените денови. Делот од меморандумот и писмото ги предавам во превод.

* * *

40. Генерал-потполковникот Апостолски, командант на 6-тата Југословенска армија со седиште во Сараево, кого го имам сретнато по

[3] W. Deakin, British millitary missions...., стр. 265.

[4] P.R.O., F. O. 371/59583 - R 11719.

[5] Мајор Хеникер-Мејџор со псевдоним "Гаргантуан", за време на војната, имал задача да делува на територијата на Србија во врска со конфронтирањата со Германците при повлекувањето од Грција и Албанија.- W. Deakin, British millitary missions..., стр. 275.

разни поводи неколку пати во Белград во текот на 1945, кога тој беше помошник на началникот на Југословенскиот Генералштаб, кога овој пат се сретнавме беше особено пријателски расположен. Седев во кафетеријата на главниот локален хотел кога се случи тој да минува по улицата. Забележувајќи ме, тој се поврати влезе во кафеаната, дојде до мојата маса и останавме да разговараме повеќе од еден саат.

41. Генералот Апостолски, кој е родум од Македонија и офицер на поранешната Југословенска армија во која, во времето на колапсот во 1941 година, имал чин или штапски капетан или штапски мајор, е повеќегодишен комунист[6]. Тој го предводеше партизанското востание во Македонија и токму во неговиот Главен штаб во пролетта 1944 година беше спуштен мајорот Хеникер-Мејџор како шеф на Британската мисија за врски со партизанските сили во Србија. Всушност, неговото вистинско презиме е Митиќ. Тој го прифатил сегашното презиме, коешто звучи повоочливо и македонски, во текот на војната како "воено име".

42. Иако, генералот Апостолски е наполно предан комунист, тој е во исто време страстен македонски патриот. Тој ги опишуваше со вистински чувства природните убавини на неговата земја и зборуваше со особен интерес за средновековните архитектонски споменици во неговиот роден регион. Со гордост го спомна театарот во Скопје каде што сега претставите се даваат на македонски јазик и училиштата во кои наставата се одвива на македонски јазик. Забележа, не без извесна пакост, дека додека порано Македонците требаше да го учат српскиот, сега е обратно Србите ќе седнат да го учат македонскиот јазик.

43. За разлика од г. Авдо Хумо[7], генералот Апостолски се задржа нешто повеќе на помошта што ја примил од Британската мисија за врски и РАФ од самиот почеток на есента 1943. Тој, зборуваше со многу благодарност за мајорот Хеникер-Мејџор, капетанот Хил и за друг британски офицер кој бил приклучен во неговиот персонал во 1944 г. во текот на најтешкиот дел од походот, за чие име не можеше да се сети. Тој оддаде неограничено признание на нивната лична храброст, цврстина во времето на поразите и другарство во нивните постапки спрема него и кон пониските по чин од него. Беше јасно дека во неговиот случај тесниот и доктриниран комунист во принцип и нивната "света војна" на омраза кон англо-саксонците, досега не ги затемнила неговите погледи на професионален војник во врска со материјалната помош дадена на партизаните

---

[6] М. Апостолски за член на Комунистичката партија бил примен во пролетта 1942 година. Самиот М. Апостолски во врска со ова забележал: "Но за мене не беше битно дали сум член на Партијата или не. Јас се чувствував припадник на прогресивната група и како таков ме третираа и во Љубљана, па и кога дојдов овде."(види: Вера Весковиќ-Вангели, Михаило Апостолски-живот и дело.- Главен штаб на НОВ и ПОМ (1941-1945). По повод 90 години од раѓањето на Михаило Апостолски. Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 19 и 20 декември 1996 година. Скопје 1997, стр.22.

[7] Авдо Хумо по војната бил член и потпретседател на владата на НР Босна и Херцеговина.

од Сојузниците и однесувањето на британските офицери кои се спуштија со падобрани кај него во времето кога неговата позиција беше делумно несигурна.

44. Кон крајот на нашиот разговор генералот Апостолски направи чудна забелешка која очигледно беше непромислена, доколку ѝ беше намерата лажно да ги претстави најновите извештаи во странскиот печат за учеството на Југословените во сегашните борби во Грција. Предмет беше акцијата на герилата и олеснувањата што се даваат на таков вид борба со развојот на техниката во минатите години, особено на полето на авијацијата. Генералот забележа во врска со ова дека за несреќа ова не било секогаш случај со неговите лични искуства од 1941 година до есента 1943 година и сегашната "очајничка борба" на грчката герила, кои се борат самостојно и без било каква "можност за поткрепа и помош од било каде" (sic).

P. R. O., F. O. 371 - 59390/ R 16557

* * *

Министерство за надворешни работи на Велика Британија до Канцеларијата на Британската амбасада во Белград.

18 декември, 1946 год.

Почитуван Канцелар,

Ја покажавме вашата пратка бр. 381 (11/ 16/ 46) во која се содржи извештајот од посетата на г. Стенбок на Босна, на Хеникер-Мејџор кој е живо заинтересиран.

Тој го даде следниов коментар:

"Генералот Апостолски не е агресивен комунист, но е страстен патриот и е извонредно остроумен професионален војник, кој ретко, ако не и воопшто, се мешал во политиката. Неговото вистинско име исто така е Апостолски, а името Митиќ било употребувано од него со цел да просперира во предвоената југословенска армија, каде што Македонците беа табу и никогаш немале и најмала можност за унапредување".

P.R.O., F.O. 371 - 59390/ R 16557/ 5/ 92